# ПРАВИЛА НА ПРИВАТНОСТ

Atlantic Grupa d.d. (во текстот понатаму: Друштво или ние) е дел од деловниот состав на Атлантик Група во чии рамки се воспоставени и се применуваат високи стандарди на деловно управување и транспарентно работење, а кои подразбираат одговорно, законско и етички втемелено однесување на сите правни субјекти на Атлантик Група, вклучувајќи го и почитувањето на приватноста и заштитата на личните податоци.

Водејќи се според наведените стандарди, Друштвото како Контролор во рамките на деловниот состав на Атлантик Група, ги собира и обработува личните податоци законски, чесно и транспарентно, во согласност со важечките прописи и преземајќи примерени техники и организациски мерки насочени кон заштита на личните податоци од неовластен пристап и злоупотреба.

Друштвото е свесно дека заштитата на личните податоци е важна за нашите корисници и испитаници. Затоа сакаме да Ви покажеме кои лични податоци ги собираме, како управуваме со нив и како водиме грижа за нивната заштита.

## Цели, опсег и правен темел на обработката

Личните податоци се собираат во посебни, одредени и законски цели, во обем којшто е неопходен и се обработуваат на начин којшто е во согласност со тие цели.

Друштвото ќе собира и обработува лични податоци само во случаите кога тоа е дозволено со пропис:

- обработката е нужна заради почитување на правните обврски
- кога испитаникот дал согласност за обработка на неговите лични податоци
- обработката е нужна за извршување на договорот во којшто субјектот на лични податоци е страна или за преземање дејства на барање на субјектот на лични податоци пред склучувањето на договорот
- обработката е нужна за да се заштитат клучните интереси на клиентот или на другите физички лица;

- обработката е нужна за потребите на легитимните интереси на Друштвото или на поврзаните друштва

## Собирање и користење на лични податоци

Лични податоци се информациите кои ве идентификуваат директно или посредно, како што е вашето име, имејл, телефонски број,  IP адреса или куќна адреса.

Друштвото не ги собира вашите лични податоци доколку вие изречно не предадете такви податоци (на пр.: преку прашање за одреден производ или услуга, со склучување договор или преку барање за одредена работа пред заклучување на договорот, со вклучување во програмата на лојалност, при пријавата за електронски newsletter, учество во анкети, конкурси и наградни игри, нарачувајќи примерок или брошура, со молби за донација како и при барање информации, со предавање на биографија или со отворени понуди или со пријава на оглас за отворено работно место, како и со вработување во нашето Друштво...).

Вашите лични податоци ги собираме, чуваме, користиме или ги пренесување во опсег - содржински и временски - којшто е потребен во одреден случај, како на пр.: да одговориме на вашите прашања, да ги исполниме вашите барања, да ве информираме за нашите производи, за резултати од огласите или наградните игри, да ја извршиме договорената обврска или неопходните дејства при заклучување на договорот или да ги извршиме другите наши законски и правни обврски. Од тие причини, Друштвото понекогаш треба да ги пренесе личните податоци во другите фирми во рамките на Атлантик Група и поврзаните друштва или на надворешните вршители на услуги за понатамошна обработка. Вршители на услуги може на пример, да бидат ангажирани во контекст на услуги на call центар, испраќање стока, дистрибуција на рекламен материјал или за организирање и спроведување наградни игри. Друштвото инсистира од тие страни прифаќање на важечките правни прописи, почитување на нашите упатства, како и усогласеност со нашите интерни правила за заштита на личните податоци, како и на барањата за примена на адекватни организациски и технички мерки за заштита. Од истите причини, понекогаш Вашите лични податоци ќе мора да бидат пренесени и во други држави на ЕУ или вон ЕУ, при што Друштвото води грижа тој пренос да биде во согласност со законот и со примена на сите расположливи и примерени мерки за заштита на личните податоци.

Друштвото гарантира дека Вашите лични податоци никому нема да ги продава и дека нема да ги доставува или позајмува Вашите лични податоци на трета страна доколку тоа не е потребно за

да се исполни одредена правна цел за која сте ни ги дале истите, односно гарантира дека Вашите податоци нема да бидат дадени на кој било неовластен примател.

Можно е Вашите лични податоци да мора да ги доставиме на надлежен орган на јавната власт доколку тоа го наложува некој закон или друг обврзувачки пропис.

Собраните податоци ќе се чуваат онолку долго колку што е потребно со оглед на целта заради којашто се собрани односно во рок којшто е во согласност со важечките прописи.

## Користење на личните податоци во реклами и за маркетиншки цели

Кога Вашите лични податоци се користат во рекламни и маркетиншки цели во согласност со важечките законски прописи од областа на заштитата на личните податоци, вашите податоци ќе бидат сочувани и користени за тие цели, на пр.: за испраќање newsletter, примерок од производите, покана за учество на огласите и во наградните игри, преку имејл и по пошта или преку друг комуникациски канал којшто сте го прифатиле.

Ако Вашите лични податоци се користат со цел испраќање индивидуални (вам) прилагодени реклами и промоции преку создавање и одржување на корисничкиот профил, за тоа однапред, значи пред испраќањето на таквите реклами и промоции, ќе бидете известени, па и пред ваквата обработка на личните податоци секако ќе побараме од вас посебна, изречна и информирана согласност.

Вашите податоци по потреба ќе ги користиме за анализа и подобрување на ефикасноста на нашите интернет услуги, огласувања, маркетинг, испитување на пазарот и продажните напори, преку анкети или прашалници од друг вид или на начин којшто ќе обезбеди дека Вашите лични податоци се анонимизираат, т.е. дека не можат да се поврзат со одредено лице.

## Остварување на правата на субјектите на личните податоци

Во кој било момент можете од нас да побарате информација за своите лични податоци кои ги обработуваме или да побарате исправка на истите, можете да барате престанок на користење или бришење на вашите лични податоци или повлекување на согласноста за сите или само за некои цели (освен кога тоа не е возможно, на пр.: ако се работи за обработка на податоците во статистички цели кога личните податоци веќе не овозможуваат идентификација), како и пренос

на податоците на друг водител по законски услови или одјавување од примањето на нашите информативни и промотивни материјали.

Исто така, можете да поднесете приговор за користење на своите лични податоци во ситуациите кои ги темелиме на постоење на нашиот легитимен интерес, а секако и кога ги користиме за потребите на директен маркетинг.

Од наша страна, во максимално возможна и разумна мера ќе водиме сметка вашите лични податоци кои сте ни ги ставиле на располагање да бидат правилно евидентирани, но одговорноста за точноста на истите е на Вас и ве молиме редовно и благовремено да ги ажурирате, односно да ни доставите барање за промена или исправка.

За остварување на сите свои права и обврски во поглед на користењето на личните податоци, можете да се обратите на имејл адресата или на адресата на седиштето на Друштвото наведена на веб-страницата или на имејл адресата: dpo@atlanticgrupa.com или според упатството на доставените промотивни материјали.

Кога ќе нè контактирате и ги поставите наведените барања ќе вложиме разумни напори да го потврдиме вашиот идентитет и да спречиме неавторизирана обработка на личните податоци.

После примањето на Вашите барања бараната активност ќе ја спроведеме во примерен рок, а најдоцна во рок од 30 дена од примањето и за истото по потреба и ќе Ве известиме, сè во согласност со законот.

## Деца

По правило, не собираме податоци за деца. Ако се увериме дека такви податоци ни се пренесени без согласност на родителите или законските старатели, ќе ги избришеме во најкраток можен рок. Притоа ќе се водиме според насоките кои сме ги добиле од вас како родители или законски старатели.

Доколку сепак за некоја цел собираме податоци за деца на возраст на која според важечките закони е потребна согласност од родителите за обработка на нивните лични податоци, за тоа ќе дадеме соодветна информација и ќе примениме разумни мерки за да утврдиме дека децата имаат согласност од родителите или од законскиот старател.

## Сигурност на податоците

Ги имплементиравме техничките и организациските мерки за да спречиме губење податоци, измена, кражба или пристап на неовластена трета страна, односно каква било неовластена обработка. Пристапот на Вашите лични податоци е ограничен само на оние вработени на коишто тие информации им се нужни при пружање на нашите услуги, односно во решавањето на Вашето прашања. Континуирано ги едуцираме нашите вработени за важноста на доверливоста на податоците и за чувањето на приватноста и заштитата на Вашите податоци. Ги прибираме само оние податоци кои се нужни за предметна обработка и не ги чуваме подолго отколку што е потребно, односно одредено со законските прописи.

На нашата веб-страница понекогаш ќе може да видите линкови на други веб-страници или портали, а можеме да Ви понудиме и знакови на социјалните мрежи кои овозможуваат делење на личните податоци на социјалните мрежи. Наша препорака е секако претходно да се запознаете со правилата за заштита на личните податоци на тие портали или социјални мрежи или трети лица, како и со преземените мерки на сигурност на истите, затоа што тие може да се разликуваат од овие Правила и од нашите преземени мерки,  за што ние не можеме да бидеме одговорни.

## Ограничување на одговорноста

Иако ги преземаме достапните технички, организациски и кадровски мерки за заштита на личните податоци од случајна или намерна злоупотреба, уништување, губење, неовластена промена или достап не можеме да гарантираме дека некои од личните податоци кои ги прибираме нема никогаш случајно да бидат откриени, спротивно на одредбите на овие Правила на приватност.

До највисока мерка допуштена со закон ја исклучуваме одговорноста за штетата нанесена на корисниците или на трети лица преку случајно откривање на личните податоци.

Бидејќи немаме контрола над личните податоци кои ги доставувате при пристапот или користењето на другите портали, односно директно со трети лица (на пр.: при учество во спонзорирани активности), до најголема мерка допуштена со закон ја исклучуваме одговорноста за штетата која може да настане кај вас или кај трети лица заради доставување на личните податоци.

## Ажурирање и измени

Го задржуваме правото на измени или ажурирање на делови од овие Правила во секој момент и без претходна најава. Посетете ја нашата веб-страница од време на време за да бидете запознаени со измените или со ажурирање на Правилата. Ќе го назначиме датумот на почеток на примена на актуелната верзија на Правилата.

Овие правила последен пат се изменети на 24.05. 2018. година.